НОТАР

[redacted]

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите: [redacted], претседател на советот, [redacted] и [redacted] членови на советот, по правната работа на тужителот «[redacted] од Црна Гора, против тужениот «Нотар [redacted] од Скопје, за надомест на материјална штета, вредност на спорот во износ од 2.757.361,00 денари, решавајќи по жалбата на тужениот изјавена преку полномошник Адвокатско друштво [redacted] од Скопје и жалбата на тужителот изјавена преку полномошник Адвокатско друштво [redacted] и [redacted] од Скопје против пресудата на Основен суд Скопје II Скопје П4-1947/14 од 07.12.2016 година, на нејавната седница на советот одржана на ден 23.08.2018 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ

ЖАЛБАТА на тужениот изјавена преку полномошник Адвокатско друштво [redacted] од Скопје, СЕ УСВОЈУВА.

ЖАЛБАТА НА тужителот изјавена преку полномошник Адвокатско друштво [redacted] од Скопје СЕ УСВОЈУВА.

ПРЕСУДАТА на Основен суд Скопје II Скопје П4-1947/14 од 07.12.2016 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа пред првостепениот суд на повторно постапување и одлучување.

## Образложение

Основниот суд Скопје II Скопје со обжалената пресуда го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот [redacted] од Црна Гора за да се задолжи тужената Нотар [redacted] од Скопје, на име надомест на штета причинета со незаконско нотарско работење да му исплати износ од 40.000,00 Евра во денарска противвредност со камата што се исплатува по девизни штедни влогови што ги определува Централната европска банка на средства по видување сметано од 08.06.2007 година до 31.01.2010 година, а од 01.02.2010 година до исплатата со казнена камата во висина на едномесечната стапка на Еурибор за евра што за секое полугодие важела на последениот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие, зголемена за осум процентни поени, износ од 4.831,50 евра во денарска противвредност по средниот курс на НБРМ на денот на исплатата на име процесни трошоци пред судовите на Црна Гора. Го задолжил тужителот да и ги надоемсти на тужената трошоците во постапката во износ од 223.964,00 денари во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, а поголемото барање од досудениот износ до бараните 484.744,00 денари или за разлика од 260.680,00 денари.

Незадоволен од вака донесената одлука во делот на парничните трошоци останал тужениот кој преку својот полномошник вложил жалба поради суштествени повреди на постапката, со предлог жалбата да се уважи, а решението преиначи и да се досудат сите предјавени трошоци, со барање за надомест на трошоците сторени во

жалбена постапка.

Незадоволен од наведената одлука останал тужителот кој преку својот полномошник изјавил жалба поради суштествена повреда на парничната постапка, погрешно утврдена фактичка состојба, и погрешна примена на материјалнот право, со предлог жалбата да се уважи, а обжалената пресуда укине и предметот врати на повторно постапување и одлучување, со барање за надомест на трошоците сторени во целокупната постапка.

Поднесен е одговор на жалба на жалбата на тужителотод страна на тужениот преку полномошник Адвокатско друштво Никола Додевски од Скопје со кој се оспоруваат жалбените наводи со предлог жалбата да се одбие како неоснована, а обжалената пресуда потврди, со барање за надомест на трошоците сторени во жалбена постапка.

Апелационоит суд Скопје, по проучување на списите во предметот, побиваната одлука, како и по оценка на жалбените наводи, и одговорот на жалба, најде:

Жалбите се основани.

Основан е жалбениот навод на кој се укажува во жалбата за сторени суштествени повреди на одредбите на парничната постапка од чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП, од причини што пресудата е нејасна, неразбирлива, не содржи доволно образложени причини за решителните факти, па како таква не може во целост и со сигурност да се испита.

Имено, првостепениот суд утврдувајќи ги решителните факти нашол дека на ден 24.09.2006 година Невена Никола Иванова од Скопје со полномошно заверено кај нотарот Ирфан Јонузовски од Скопје под УЗП 5113/06, го овластил лицето Радомир Војводиќ од Бар- Црна Гора, нејзиниот недвижен имот што лежи на КП 3140/19 шума 4 класа м.в. добра вода со површина од 800 м2 опишан во ПЛ 583 ( потоа ИЛ2052) за КО Печурице - Бар Црна Гора, да го префрли на негово име, да го продаде по свое наоѓање и да ја прими купопродажната цена.

На ден 16.05.2007 година лицето [redacted] од Кратово составил односно фалсификувал или прибавил лажно полномошно од лицето [redacted] од Скопје, со кое истата наводо го овластил нејзиниот недвижен имот што лежи на КП 3140/19 шума 4 Класа м.в. добра вода, со површина од 800 м2 опишан во ПЛ 583 ( потоа (ИЛ2052) за КО Печурице - Бар Црна Гора, да го префрли на негово име, да го продаде по свое наоѓање и да ја прими купопродажната цена. Полномошното наводно го завериле кај Нотарот Снежана Сарџова од Скопје под УЗП 3521/07 истиот ден.

Видно од фотокопија од Уписникот за заверки и потврди „УЗП“ на тужената видно е дека под реден број 3521 стои сосема друго лице и е со датум 12.09.2007 година односно не кореспондира со УЗП 3521/07 од 16.05.2007 година. Што значи дека лицето [redacted] од Кратово го фалсификувал полномошното како да биде заверено од тужената.

На ден 08.06.2007 година во Бар - Црна Гора, лицето [redacted] од [redacted] го довел во заблуда тужителот и со истиот склучиле Договор за купопродажба на горе цитираниот недвижен имот заведен пред Основниот суд Бар под бр.ОВ1.бр.528/07, со купопродажна цена од 40.000,00 Евра која му била исплатена истиот ден. Со предното лицето [redacted] од Кратово на тужителот му нанел штета во висина на купопродажната цена од 40.000,00 Евра, бидејќи истиот не бил овластен за да го продаде предметниот недвижен имот а уште помалку да ја прими купопродажната цена во случајот од 40.000,00 евра на име на [redacted] од Скопје. За наведнеото продавачот [redacted] од Скопје не знаела. Затоа на ден 10.09.2007 година [redacted] преку ополномоштениот [redacted] од Црна Гора во својство на продавач со лицето [redacted] Василије од Бар, склучиле Договор за купопродажба на предметниот имот за купопродажна цена од 80.000,00 евра. По исплатата на купопродажната цена, купувачот [redacted] Василије од Црна Гора го доставил договорот во Управата за недвижности, меѓутоа од истата служба била известен дека сега тужителот претходно упишал право на сопственост над истиот недвижен имот.

Лицето [redacted] знаејќи дека претходната продажба била извршена со фалсификување на полномошникот, поднела тужба за поништување на договорот за купопродажба на недвижен имот склучен помеѓу тужителот и Невена Никола Иванова од Скопје преку [redacted] од Кратово. Со пресуда П.бр.217/10 од 13.08.2010 година, Основниот суд Бар - Црна Гора, утврдил дека предметниот договор за купопродажба склучен на ден 08.06.2007 година во Бар - Црна Гора, помеѓу тужителот и лицето [redacted] од Кратово како наводен полномошник на [redacted] заведен пред Основниот суд Бар под бр.ОВ1.бр.5281/07, е ништовен, бидејќи тужителот практично купил недвижност од несопственик, воедно директно утврдил дека [redacted] од Бар - Црна Гора по основ на договор за купопродажба е исклучив сопственик на предметниот недвижен имот. Оваа пресуда станал правосилна со пресуда ГЖ.бр.4029/2010-08 од 28.01.2011 година на Вишиот суд Подгорица.

Поради тоа тужителот иницирал кривична постапка против лицето [redacted] кој го довел дека бил ополномоштен да му го продаде предметниот недвижен имот со што оштетил за купопродажната цена во износ од 40.000,00 евра. За ова Основниот суд Бар на ден 12.09.2013 година донел пресуда К.бр.367/11 правосилна на 06.12.2013 година со која го огласил за виновен за сторено кривично дело Измама и го осудил на 2 години ефективна казна затвор. Како штетата е настаната во 2007 година а за фалсификување на исправа се повела кривична постапка во 2011 година јасно зборува дека тужителот во 2011 година имал сознание за постоењето на невистинита исправа и во тој период сеуште имал законска можност да го искористи објективниот рок од 5 години и во наредниот период да поднесе тужба против тужената ако сметал дека постои вина кај неа за настаната штета, меѓутоа видно од поднесената тужба тој оваа постапка ја повел на 05.12.2014 година што значи по поминати 3 години од дознавањето бидејќи обвинението против [redacted] е покренато на 23.11.2011 година а претходната постапка е поведена уште во јуни 2011 година што значи по истекот на 3 години и по истекот на 5 години од настанувањето на штетата, следствено на што одлучил како во изреката на обжалената одлука.

Меѓутоа за овој суд останува нејасно од што се раководел првостепениот суд при ваквото одлучување.

Имено, првостепениот суд нашол дека тужбеното барање е застарено затоа што штетата била настаната во 2007 година, а тужбата била поднесена на 05.12.2014 година, односно бил пречекорен и субјективниот рок од 3 години и објективниот рок од 5 години.

Меѓутоа, по оцена на овој суд согласно чл. 350 и 365 од ЗОО, побарувањето на надомест за причинета штета застарува за 3 години од кога оштетениот дознал за штетата и за лицето кое ја сторило штетата. Под дознавање на штета се подразбира не само дознавање дека штетата е настаната, туку и дознавање на нејзиниот обем и висина како и за сторителот, а во конкретниот случај тоа произлегува од правосилната пресуда на Основен суд Бар, Црна Гора, со која се констатира дека полномошното заверено кај тужената како овластен нотар е фалсификувано и лажно.

Поради наведеното овој суд ја укина првостепената пресуда и предметот го врати пред првостепениот суд на повторно постапување одлучување, согласно чл.358 ст.1 од ЗПП.

При повторното постапување, првостепениот суд ќе треба да ги отстрани сторените суштествени повреди на одредбите на парничната постапка, на начин што ќе донесе јасна и разбирлива одлука, со доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел првостепениот суд при одлучувањето, при што ќе треба да ги има во предвид приложените граѓански пресуди на основните и вишите судови во Црна Гора, со сигурност да утврди кога тужителот дознал за висината и обемот на штетата како и за сторителот,по што ќе биде во можност правилно да се произнесе по приговорот на тужениот за застареност на побарувањето. Па во зависност од тоа што ќе утврди, доколку побарувањето е застарено ќе биде во можност со постапување по дадените укажувања од овој суд да донесе правилна и законита одлука, а доколку најде дека приговорот за застареност е неоснован, ќе биде потребно да се впушти во оцена на наводите по однос на основаноста или неоснованоста на истакнатото тужбено барање.

Со оглед дека пресуда е укината за главното барање, овој суд ја укина и одлуката за трошоците во постапката.

Со оглед дека првостепената одлука е укината и предметот вратен на повторно постапување, согласно чл. 160 ст.3 од ЗПП за трошоците по повод правниот лек ќе се одлучува во конечната одлука.

Апелационен суд Скопје ГЖ-2670/17 од 23.08.2018 година.

Претседател на советот-судија
[redacted]